ЈКП
КОМУНАЛЕЦ
Демир Хисар
jkpkomunalec@gmail.com

Адреса: 29-ти Ноември бб, 7240 Демир Хисар
Тел.: +38947277577
Моб.: +38978358327
e-mail: jkpkomunalec@gmail.com
Даночен број: 4010991100032
Матичен број: 4009428
Жиро Сметка: 500 0000002534 88 - Стопанска банка АД Битола

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"
БР. 0202-61/3
15.02.2018 год.
Демир Хисар

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
# На ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар
# за 2018 година

Февруари 2018

# 1. Вовед

Јавното комунално претпријатие ''Комуналец'' Демир Хисар ги извршува следните дејности на територија на Општина Демир-Хисар:

Основни дејности:

- Собирање,обработка и снабдување со вода
- Отстранување на отпадни води
- Собираење на безопасен отпад
- Обработка и отстранување на безопасен отпад
- Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина
- Погребни и слични дејности

Споредни(дополнителни)дејности:

- Изградба на стамбени и нестамбени објекти
- Изградба на патишта и автопати
- Изградба на комунални објекти за течност
- Изградба на хидроградежни објекти
- Изградба на други објекти од нискоградба неспомнати на други места
- Поставување на инсталации за водовод,канализација,и плин и инсталации за греење - клима уреди
- Градскин и приградски патнички копнен транспорт
- Услужни дејности поврзани со копнен превоз

Сите дејности кои ги извршува ЈКП Комуналец Демир-Хисар се усогласи со националната класификација на дејности и се запишани во Централен регистар на Р.Македонија.

ЈКП Комуналец со своето делување постојано ќе наоѓа соодветни решенија за имплементација на добра релација на претпријатието со локалната самоуправа и корисниците на услуги.

Ваквиот начин на ефективно работење на ЈКП Комуналец зависи од редовното плаќање на сметките на комуналните услуги од страна на корисниците.

Сите активности за горе наведените дејности се извршуваат според секојдневните оперативни планови и секојдневните настани.

-При изготвување на Програмата за работа за 2018год појдено е од интересите и целите на претпријатието за постигнување на подобри резултати во работењето,целосно искористување на постојаните капацитет,подигање на нивото на услугите максимална ангажираност на вработените и намалување на трошоците во работењето.Како појдовна основа за изготвување на Програмата земена е во предвид и реализацијата на Програмата за 2017год.

Сите активности кои не се завршени во 2017год се предвидуваат да се завршаат оваа година.

-За планираниот обем на работните задачи,квалитетот на извршување на работите и постигнување на добри финансиски резултати како појдовни елементи при изработка на Програмата зависни се услугите на стопанисување во економската сфера во државата и програмите за развој на претпријатието.

Во соработка со Локалната самоуправа планирани се активности за:

- Спроведување на постапка за катастарско евидентирање на имотот на ЈКП Комуналец Демир Хисар

Со тоа ќе се реши сопственоста на административната зграда на ул. 29 ти Ноември бб исто така и објектите за водоснабдување во Демир Хисар и другите населени места каде извршуваме водоснабдување и одведување на отпадните води.

## 2. ВОДОСНАБДУВАЊЕ

ЈКП Комуналец Демир Хисар секојдневно ќе се грижи за редовно обезбедување на граѓаните со чиста и квалитетна вода за пиење. Сите настанати дефекти ќе се отстрануваат во најкраток можен рок. Водоснабдувањето на градот Демир Хисар, с. Кутретино, с. Суводол, с. Слепче се обезбедува од бунарското подрачје во с. Граиште со издашност на двата бунари од 36-42l/sek. Во препумпната станица од 100м3 во Мургашево се врши постојано хлорирање на водата и преку потисниот цевовод до резервоарскиот простор од 1400м3. И покрај тоа што во 2017год. се изгради потисен цевовод и нов резервоар од 100м3 за с. Слепче, трошоците за електричната енергија се сеуште високи спрема потрошена и фактурирана количина на вода.

Во текот на 2018 година ќе се изнајдат соодветни решенија за намалување на загубите на вода, а секако потребно е изработка на проект за реконструкција на селската водоводна мрежа во с. Слепче.

- Во предходниот период се превземени и водоводните системи дадени на управување со Одлука од Советот на Општина Демир Хисар

  - с. Журче
  - с. Прибилци
  - с. Загориче и Утово
  - с. Стругово

Вкупен број на корисници:

- Демир Хисар
- Правни-153 корисници
- Физички-692 корисници
- с. Кутретино и с. Суводол - 200 корисници
- с. Слепче - 204 корисници
- с. Журче - 90 корисници
- Прибилци – 84 корисници
- с. Утово и Загориче- 56 корисници
- с. Стругово - 72 корисници
- Рудничка населба Сопотница – 78 корисници

**Вкупно: 1629 корисници**

Во 2018 година ЈКП Комуналец демир Хисар заедно со Општина Демир Хисар и граѓаните останува да се вклучи за превземање на локалните водоводи во општината и нивно доведување во техничко исправна состојба како би можеле да се предадат на управување и стопанисување на ЈКП Комуналец Демир Хисар.

Планирани активности за 2018 година

- Чистење на резервоари
  Црпен базен с. Мургашево во месец Април
  Резервоар 1400м3 Месец Мај
- Чистење на останати резервоари кои се во експлоатација месец Мај, Јуни (с. Журче, с. Прибилци, Рудничка населба с. Сопотница, с. Слепче, с, Загориче и с. Стругово)
- Чистење и уредување на каптажи во с. Стругово како и изградба на нова каптажа.
- Тековно и инвестиционо одржување на водоснабдителните системи.
- Редовно испитување на квалитетот на водата за пиење со перманентно хлорирање
- Намалување на загубите на вода во постоечкиот систем.
- Поправка и замена на секторски затворачи
- Воведување на автоматско управување на препумпна станица во с. Слепче.

Затворањето на водата при појава на дефекти на водоводната мрежа на поголеми реони заради поправка поради неможност да се исклучат помалите реони заради неисправноста на реонските линиски затворачи претставува голем проблем во делот на одржувањето на водоснабдителниот систем за таа цел предвидуваме во рамките на редовните активности во 2018година да замениме 15-20 линиски затворачи со димензии ф63 – ф100 кои ќе се постават на место на неисправните и дотраени затворачи и тоа во сите населени места каде водоснабдувањето го врши ЈКП Комуналец Демир Хисар.

## 3. ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ

Ова е една од позначајните дејности за заштита на животната средина

Планирани активности од оваа дејност се следните:

- Тековно одржување на градска канализациона мрежа
- Дезинсекција, дезинфекција и дератизација на градска канализациона мрежа
- Изработка на техничка документација за колекторски систем од с. Кутретино до Демир Хисар и пречистителна станица за отпадни води со што ќе се заштити Стара река од еколошка катастрофа, а исто така ќе бидат заштитени и подземните води во близина на Црна Река од каде што се водоснабдува Демир Хисар Слепче, Кутретино, Суводол и други селски населби.

Во текот на 2018 година планираме во соработка со Општината и граѓаните да ги преземеме канализационите системи во с. Суводол и с. Слепче с. Слоештица и с. Сопотница со тоа што ќе се доведат во техничко исправна состојба како би можеле да се предадат на управување и стопанисување на ЈКП Коминалец Демир Хисар.

## 4. ИЗНЕСУВАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ НА СМЕТ

Собирањето на комунален отпад има директно влијание во зачувувањето на урбаната животна средина, од аспект на еколошко значење.

Собирањето на комуналниот отпад во градот Демир Хисар и населените места с. Кутретино, с. Суводол и с. Слепче се врши во садови канти и контејнери од 1,1 м3 за негово времено сместување.

Транспортирањето на комуналниот отпад се врши со специјално возило до времената делокација Крагуево.

Динамиката на собирање и транспортирање на комуналниот отпад се врши по однапред утврдени

НЕДЕЛЕН РАСПОРЕД ЗА ПОДИГАЊЕ НА СМЕТ

**Понеделник:**
Ул. 29 ти Ноември, ул М. Тито од Ксенос до раскрсница со ул. Велко Влаховиќ, ул Битолска од ДХ Петрол до Макпетрол

**Вторник:**
Ул. Велко Влаховиќ и остаток од М.Тито, Душевна Болница и попречни до 2ри Септември и с. Слепче

**Среда:**
Попречните од Железник до ул. Јордан Пиперката, ул. Веле Марков и ул. Гоце Делчев до ул. Јордан Пиперката и ул. 1 Мај и с. Кутретино и Суводол.

**Четврток:**
Ул. Гоце Делчев и ул. Партизанска

**Петок:**
Мургашево и дел од Партизанска и Железник Сопотница и Рудник Сопотница

Активноста ја реализиравме со специјално возило ѓубретар од 7м3 заради долгиот период на експлоатација често се јавуваат дефеци кој поради трошоците за негово одржување се соочуваме со проблемот на нередовно собирање на отпадот спрема оперативниот план за подигање на сметот.

Затоа една од најзначајните планирани активности во 2018год.ќе биде набавка на ново специјално возило ѓубретар,соодветни канти од 120л.за собирање на сметот.

ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

- Набавка на ново специјално возило -ѓубретар
- Започнување со селекција на примарен смет и поставување на садови за селекција на хартија и пластика
- Редовно и навремено собирање и транспорт на комунален отпад
- Набавка на преса за пресовање на селективен отпад
- Обезбедување на соодветни садови за одлагање на смет во кој ќе се врши селекција на сметот од хартија и ПЕТ амбалажа
- Одржување на пристапниот пат до времената депонија Крагуево
- Заградување на времената депонија Крагуево со жица и бетонски столбови
- Правилно стопанисување со времената депонија

- Вклучување на нови комунални корисници за подигање на сметот,во согласност на Локалната самоуправа на Демир Хисар

### 5. ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО И ЧИСЕЊЕ НА ЈАВНО ПРОМЕТНИ ПОВРШИНИ

Како дејност од заедничка комунална сфера доследно ќе ја извршуваме Програмата за чистење на јавни површини за 2018 год. донесена од Совет на Општина Демир Хисар

### 6. ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКИ КЛОЗЕТИ

Во 2017 год. почната е во изградба ”Градскиот пазар’’и јавните клозети финансиран од Бирото за рамномерен регионален развој а инвеститор Центар за развој на Пелагониски плански регион а партнер во имплементација на проектот е Општина Демир Хисар.

Планирани активности во 2018год.со преостапување на стопанисување и управување на Градскиот пазар и јавните клозети од страна на Општина Демир Хисар на ЈКП”Комуналец’’.ЈКП Комуналец како управител на Градски пазар ке изработи Програма за негово одржување,а таа ќе ги опфати следните активности:

- Редовно одржување на пазарната површина
- Резервации на тезги и наплата на пазарна такса
- Одржување и обновување на тезги
- Организирање на пазарниот ред на градскиот пазар
- Редовно чистење и миење на пазарот

### 7. ОДРЖУВАЊЕ НА ГРОБИШТА

Согласно Законот за гробишта погребални услуги започнувајќи од 01.07.2011год. ЈКП ”Комуналец’’ Демир Хисар е управител на градските гробишта Демир Хисар. Направен е Катастар на градските гробишта, обележување на гробни места и воведена е евидентна книга за гробишта. Експропријацијата на земјоделско земјиште на граница на гробишта од источна страна кон н.м Суводол односно на дел од К.П 1219, К.П 1220, К.П 1221, К.П 1222, К.П 1223, К.П 1224, К.П 1225 и К.П 1234 со тоа ќе се надмине долгогодишниот недостаток на гробни места.Планирани активности:

- Редовно чистење и косење на тревни површини
- Доопремување на постоечката Капела со поставување на ладилник
- Парцелизирање и бетонирање на нови гробни места
- Одредување на гробно место за закоп на починато лице
- Изградба на канализационата мрежа од Храм „Св. Никола“ до постоечка градска канализациона мрежа во должина од 150м.

Февруари

2018

ЈКП Комуналец Демир Хисар

В.Д Директор

______________________

Дипл.град.инж Ацко Трајковски